# Јавен повик за изразување интерес за учество во кластер за учење за спроведување на социјални услуги базирани на потребите на заедницата

Заедницата на единиците на локалата самоуправа на Република С.Македонија-ЗЕЛС објавува повик за општините за изразување интерес за учество во Кластер за учење за **Дневни центри за реинтеграција и рехабилитација / Мобилни тимови** во рамите на проектот “Регионална соработка за подоби социјални услуги на локално ниво“, имплементиран од НАЛАС и своите членки, Асоцијации на општини во Западен Балкан.

***Кластерот за учење*** *се дефинира како самостоен и соработнички метод за јакнење на капацитети кој ги обединува практичарите и претставниците на различни сектори кои ја споделуваат истата работна средина и стекнуваат придобивки од разновидното знаење и искуства со цел да развијат применливи решенија и успешни пристапи кои ќе ги применат во соодветната работна средина гарантирајќи ги социјалните, економските и културните права на жените, децата и младите, лицата со попреченост, малцинства и ЛГБТИ и нивното рамноправно учество во општеството.*

**<u>Информација за Кластерот за учење</u>**

Кластерот за учење е метод за учење составен од претставници од заинтересирани локални самоуправи од Р.С.Македонија за да применат соодветен социјалнен пристап ( Дневни центри / Мобилни тимови), ЗЕЛС и **Лицето Практичар** кој веќе успешно имплементирал вакви практики.

Заинтересираните локални самоуправи треба да **номинираат по двајца претставници** кои ќе учествуваат на настаните во кластерот за учење. Заинтересираните општини се охрабруваат да номинираат еден претставник **од општинската администрација одговорен за социјална политика и услуги** и еден претставник **од давателот на услуги во општината**.

Кластерот за учење како метод за јакнење на капацитети по пат на размена на искуства *од колега на колега* вклучува **Обука за услуги засновани во заедницата**, **три настани за размена на искуства** , **период на концептуализација и период на примена**. Настаните за обука и размена на искуства од кластерот за учење ќе бидат организирани и спроведени од **ЗЕЛС** во формат **лице в лице во период од мај 2024 до април 2025 година.**

Сите настани од кластерот за учење ќе биде развиени и модерирани од страна на искусен Практичар.




## 1. Обука за управување со социјални услуги во заедницата базирана на докази

Целта на еднодневната обука е да се зајакнат капацитетите на членовите на кластерот за учење за социјални услуги во заедницата, со фокус на Дневни центри/ Мобилни тимови со вклучен родов и

миграциски аспект во услугите, а во корелација со Германската Феминистичка Развојна политика.Обуката исто така, треба да ги вклучи основите за креирање политики засновани на докази, следејќи ја **Агендата 2030** и нејзиниот сеопфатен принцип **Никој да не биде изоставен**.

**2. Прв настан за размена**

Првиот настан за размена е еднодневна обука за отпочување на Кластерот за учење и за да ги мотивира членовите на Кластерот да разменуваат добри практики и искуства, како и да даваат придонес за развојот на концептот за формирање на Дневни центри за реинтеграција и рехабилитација и Мобилни тимови за испорака на социјални услуги, како и да ги запознае со моделот за изработка на Акциски план. Настанот за размена ќе ја земе предвид потребата од управување со социјалните услуги засновани на докази преку обезбедување искуства од спроведеното социјално мапирање во пилот локалните самоуправи.

Развојот на концептите и нивните акциски планови се од големо значење за општините кои треба да развијат иновативни социјални услуги во рамките на нивните Дневни центри за рехабилитација и Реинтеграција на ранливите групи /или Мобилни тимови за испорака на социјални услуги. Дизајнирањето на социјални услуги треба да се заснова на наодите од спроведените социјални мапирања.

**3. Втор настан за размена**

Вториот настан за размена има за цел да обезбеди размена на информации за развиените концепти за примена на услуги базирани во заедницата. Лицето практичар треба да фасилитра при претставување на концептите од страна на членовите на Кластерот и да обезбеди повратни информации од колега-колега моделот. Дополнително, еднодневниот настан ќе се искористи и за подготовки на апликацијата на проектираните социјални услуги.

**4. Трет настан за размена**

Третиот еднодневен настан на Кластерот за учење ќе се насочи кон споделување искуства за примена на услуги засновани во заедницата, оценување на искуството во учењето и идентификување на следни чекори.

**5. Период на концептуализација и примена**

**Перидот на концептуализација** им овозможува на локалните самоуправи како членови на Кластерот за учење да развијат концепти за примена на социјален пристап. **Периодот на примена** е фаза кога членовите на кластерот за учење започнуваат со примена на социјалниот пристап во нивната општина врз основа на развиениот концепт.

За време на двата периода, **Лицето Практичар** треба да обзбеди менторски сесии за локалните самоуправи кои се членови на кластерот.

Кластерите за учење ќе се одвиваат на македонски јазик.

<u>**Календар на настани од Кластерот за учење**</u>

- Повик за општините и селекција: до 6 април, 2024
- Испорака на обука и Прв настан за размена: крај на мај 2024
- Период на концептуализација и собирaее на драфт-концептите: јуни-септември 2024
- Испорака на Втор настан за размена: почеток на октомври 2024
- Примена на концептите: октомври 2024 – март 2025

- Испорака на Трет настан за размена: Април 2025

**Придобивки за локалните самоуправу од учество во кластерите за учење**

Со активното учество во кластерот за учење, претставницие на локалните властит ќе имаат можност:

- Да учат од добите пракси од Лицето Практичар во однос на примена на успешни социјални пристапи
- Да учат од искуствата и знаењето од колегите од општините
- Да подготват концепт за примена на социјалниот пристап на нивната територија.
- Да го имплеметираат за прв пат конкретниот социјален пристап и да обезбедат социјални услуги за ранливите групи
- Проактивен пристап на размена со нивните колеги и соработници, надополнување на знаењето од Лицето Практичар, како и да споделат нивни искуства и пречки со кои се соочувале при имплементација на социјалниот пристап
- Да обезбедат поддршка на другите членови на кластерот за учење и на тој начин да дејствуваат како колега-тренер дискутирајќи ги можните решенија итн.

**Постапка за изразување на интерест за учество во Кластерите за учење**

Заинтересираните општините треба да го пополнат и достават образецот за пријавување. Пополнетиот образец треба да се испрати по електронски пат на следниве адреси: contact@zels.org.mk и irena.nikolov@zels.org.mk најдоцна до 6 Април 2024.

*Кластерите за учење се дел од проектот " Регионална соработка за подобра социјалан инклузија на локално ниво"имплементиран од НАЛАС во соработка со ГИЗ, во име на Федералното Министерство за економска соработка и развој (BMZ).*